Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

МФРСМ.Ф.8.5/9-2



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

ноември, 2021 година

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# СОДРЖИНА

Резиме ....2

## 1. Реален сектор

Индустриско производство ....3
Број на работници во индустријата ....4
Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....5
Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....6
Инфлација ....7
Берзански цени .... 8

## 2. Надворешнотрговска размена

Извоз ....10
Увоз ....12
Салдо на трговска размена ....13
Валутна структура ....13

## 3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ....14
Буџетски расходи според економската класификација ....15
Расходи по буџетски корисници ....16
Буџетско салдо.. ....18

## 4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенција за вработување ....18
Плати ....20
Пензии ....20

## 5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари ....21
Депозитен потенцијал .... 22
Кредити на банките .... 23
Каматни стапки на депозитни банки .... 23
Пазар на капитал .... 24
Девизни резерви .... 24



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

ноември, 2021 година

- Индустриското производство во ноември 2021 година забележа раст од 4,7% во споредба со истиот месец претходната година;
- Потрошувачките цени во ноември 2021 година регистрираа забрзан годишен раст од 4,8%;
- Во периодот јануари - ноември 2021 година извозот забележа раст од 21,0%, а увозот раст од 27,8%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 50,5%, споредено со истиот период од 2020 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - ноември 2021 година изнесуваа 197.428 милиони денари, односно 27,4% од БДП, што претставува повисоко остварување за 16,1% во однос на истиот период од 2020 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – ноември 2021 година изнесуваа 227.454 милиони денари, односно 31,5% од БДП, што е за 8,2% повеќе во однос на истиот период лани;
- Вкупните кредити на банките во ноември 2021 година се зголемија за 7,7% во споредба со ноември 2020 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 8,1%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во ноември 2021 година забележа раст од 4,7% во споредба со истиот месец претходната година. Растот во ноември 2021 година се јавува по падот во претходните четири месеци и се должи на зголеменото производство во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 3,9% (придонес од 3,1 п.п.), Рударство и вадење камен од 7,4% (придонес од 0,8 п.п.) и Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 3,6% (придонес од 0,4 п.п.).

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Раст на производството во ноември 2021 година бележат 18 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 61,7% од вкупната индустрија. Од гранките со повисока додадена вредност, во ноември 2021 година производството на електрична опрема забележа раст од 12,4% и придонес од 0,4 п.п., додека производството на машини и уреди се намали за 25,2% и придонес од -1,6 п.п., а производството на моторни возила опадна за 2,9% и придонес од -0,3 п.п.. Од традиционалните гранки, раст е забележан кај производството на тутунски производи за повеќе од пет пати и придонес од 9,4 п.п., производството на пијалаци од 28,3% и придонес од 1,1 п.п., прехранбената индустрија од 9,1% и придонес од 0,9 п.п., како и кај производството на облека од 0,5%

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, ноември 2021 година)*




1 - Производство на тутунски производи
2 - Производство на хемикалии и хемиски производи
3 - Производство на производи од гума и пластични маси
4 - Производство на пијалаци
5 - Производство на прехранбени производи

Извор: ДЗС.

и незначителен придонес. Пад е забележан кај производството на текстил од 18,6% и придонес од -0,8 п.п..

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, ноември 2021 година)*




Извор: ДЗС.

Растот на производството според намената на произведените единици во ноември 2021 година е главно последица на зголеменото производство на нетрајни производи за широка потрошувачка од 14,6% (придонес од 4,8 п.п.), но и на интермедијарни производи, освен енергија од 5,5% (придонес од 1,7 п.п.) и на трајни производи за широка потрошувачка од 34,7% (придонес од 0,7 п.п.).

На кумулативна основа, во првите единаесет месеци од 2021 година индустријата забележа раст од 2,1%, што се должи на зголеменото производство во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 2,3% (придонес од 1,8 п.п.), Рударство и вадење камен од 2,4% (придонес од 0,3 п.п.) и Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 0,2% и незначителен позитивен придонес. Од индустриските гранки, највисок придонес во растот имаат производство на електрична опрема од 0,9 п.п. при раст од 25,9%, и хемикалии и хемиски производи исто така од 0,9 п.п. при раст од 50,7%.

Според намената на произведените единици, растот во периодот јануари – ноември 2021 година главно се должи на растот на производството во гранката Интермедијарни производи освен енергија од 8,7% (придонес од 2,7 п.п.).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во ноември 2021 година е намален за 3,6%. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори, и тоа: Рударство и вадење камен од 6,4%, Преработувачка индустрија од 3,5% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 1,8%. Сепак, постојат гранки со висок раст на вработеноста, како што е производство на хемикалии и хемиски производи со раст од 9,1%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во ноември 2021 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека намалување на бројот на работници има во групите нетрајни производи за широка потрошувачка од 7,9%, енергија за 3,2% и капитални производи од 0,4%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари – ноември 2021 година бележи пад од 2,3%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори, односно во Рударство и вадење камен од 7,1%, во Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 2,5% и во Преработувачка индустрија од 2,0%.

Во поглед на наменските групи, бројот на работници во индустријата во првите единаесет месеци од 2021 година е намален во групите енергија, интермедијарни и нетрајни производи, а падот е најизразит во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 5,4%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во ноември 2021 година е понеповолна споредено со октомври 2021 година, но е поповолна во однос на истиот месец од 2020 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во ноември изнесува 69,6% од нормалното искористување, што претставува пад споредено со претходниот месец кога изнесувало 70,9%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е зголемена за 1,1 п.п..

**Графикон 1.5:** Деловни тенденции во преработувачка индустрија




Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во ноември имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 20,1%, неизвесното економско окружување со 15,5%, недостигот на квалификувана работна сила со 15,0% и недоволната домашна побарувачка со 12,9%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во ноември 2021 година во однос на октомври 2021 година е поповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се понеповолни, а залихите на готови производи на месечна основа се непроменети.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во ноември 2021 година издадени се вкупно 406 одобренија за градење, што претставува раст од 95,2% споредено со ноември 2020 година. Во однос на претходниот месец, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 20,2%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во ноември 2021 година споредено со истиот месец од 2020 година е повисока за скоро пет пати, а на месечна основа бележи пад од 1,4%.

**Графикон 1.6:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 248 (или 61,1%) се наменети за објекти од високоградба, 43 (или 10,6%) за објекти од нискоградба и 115 (или 28,3%) за реконструкција на објекти.

**Графикон 1.7:** Структура на издадените одобренија за градење по региони *(ноември 2021)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 406 издадени одобренија за градба, на 235 објекти (или 57,9%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 171 објект (или 42,1%) инвеститори се деловни субјекти.

**Графикон 1.8:** Предвидена вредност на објектите по региони
*(во милиони денари)*




Со издадените одобренија за градење во ноември 2021 година предвидена е изградба на 1.284 станови со вкупна корисна површина од 100.799 $м^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечно ниво е намален за 44,4%, а на годишно ниво е повисок за 325,2%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во ноември 2021 година регистрираа забрзан годишен раст од 4,8%, што главно се должи на растот на цените на храната, како и на растот на цените на нафтените деривати и на цените од категоријата транспорт, додека цените на енергијата во последните  месеци забележуваат забавен раст. Претходниот месец потрошувачките цени регистрираа раст од 4,1% на годишно ниво. Стапката на инфлација во првите единаесет месеци од 2021 година изнесува 3,1% и во овој период се забележува значителен раст на цените на маслото и на нафтените деривати. Стапката на инфлација е над проекциите на НБРСМ кај сите три компоненти. Согласно тоа, во ноември 2021 година НБРСМ ја ревидираше во нагорна насока проекцијата за стапката на инфлација за 2021 година од 2,2% на 3,1%, најмногу поради увозните притисоци односно поради неизвесноста од движењето на светските цени на примарните производи, пред сé на енергенсите и нарушувањето на глобалните синџири на снабдување како резултат на пандемијата.

**Графикон 1.9:** Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Во ноември, стапката на инфлација во еврозоната регистрира забрзан раст и изнесува 4,9% на годишно ниво (4,1% во октомври), што преставува највисока стапка на раст во последните 13 години. Растот на цените се должи на значителниот раст на цените на енергијата од 27,4% (23,7% во октомври), следен од порастот на цените на услугите од 2,7%, неенергетските индустриски добра од 2,4% и на храната, алкохолот и тутунот од 2,2%.

Во ноември 2021 година, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, којашто има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 5,8% на годишно ниво. Зголемувањето на стапката на раст на цените на храната се должи на зголемувањето на цените на повеќе продукти, пред сѐ на Лебот (6,9%), Месото (5,4%) и Маслото (24,6%), коишто имаа најголем позитивен придонес кон зголемувањето на цените.

Највисок годишен раст на цените во ноември 2021 година е забележан во категоријата Транспорт од 20,7%, што е резултат на растот на цените на воздушниот сообраќај и на горивата следен од порастот на цените во категориите Ресторани и хотели од 7,2%, Рекреација и култура од 4,5%, Здравствена заштита од 3,1%,Разновидни стоки и услугиод 2,0%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 1,6%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,7% Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 0,5% и Облека и обувки од 0,3%. Пад на

годишно ниво е регистриран во категориите Комуникации од 0,8% и Образование од 0,2%.

Потрошувачките цени во ноември 2021 година се зголемија за 0,7% на месечно ниво (претходниот месец беше регистриран раст од 0,5%), пред сé како резултат на зголемените цени на храната и нафтените деривати. Цените на месечно ниво се зголемени во категориите: Храна и безалкохолни пијалаци и Рекреација и култура од по 1,5%, Ресторани и хотели од 1,1%, Разновидни стоки и услуги од 0,8%, Здравствена заштита од 0,5%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 0,4%, Домување, вода, електрика, гас и други горива и Алкохолни пијалаци, тутун и наркотициод од по 0,3% и Образование од 0,1%. Пад на цените е регистриран во категориите Транспорт од 0,9% и Облека и обукви од 0,1%. Цените во категоријата Комуникации останаа непроменети.

**Графикон 1.10:** Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Цените на мало во ноември 2021 година во однос на истиот месец претходната година се зголемија за 6,2%, а на месечна основа се зголемија за 0,3%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во ноември 2021 година споредено со претходниот месец се намали за 3,4% и изнесува 80,8 долари за барел. Во текот на 2020 година, индустријата и економската активност во светот беа силно погодени од ограничувачките мерки поради пандемијата, па така во април 2020 година цената на нафтата го достигна дното, по што истата следи нагорен тренд на движење, за да во ноември 2021 година регистрира пад на месечно ниво, во одредена мера поради неизвесноста создадена од појавата на нова варијанта на коронавирусот. Со вакцинацијата и укинувањето на карантините агрегатната побарувачка имаше нагорен тренд на движење, но во услови на неусогласеност со понудата, цените на примарните производи имаа

**Графикон 1.11:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

тенденција на пораст, вклучително и нафтата. Така, на годишно ниво, цената на нафтата е повисока за 86,8%.

Трендот на раст на цената на природниот гас започна од 2020 и продолжи сѐ до март 2021 година, кога забележа силен месечен пад, за да во април повторно се врати на патеката на раст и истата континуирано регистрираше високи стапки на раст, меѓутоа во ноември индексот се намали за 9,7% на месечно ниво. На годишно ниво, во ноември цената на природниот гас е 3,4 пати повисока. Цената на гасот регистрира забрзан раст во последните месеци како резултат на зголемената побарувачка поттикната од економското закрепнување, но и затоа што сѐ повеќе држави се потпираат на природниот гас како енергенс што се употребува за загревање на домаќинствата и во индустриското производство, но и како резултат на напорите за истиснување на јагленот и спроведување на зелената агенда. Земјите во Европа во овој период сѐ повеќе се соочуваат со ниски залихи на природен гас, меѓутоа дополнителен проблем претставуваат и непогодните временските услови кои придонесоа за намалување на енергијата од алтернативните извори.

**Графикон 1.12:** Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во ноември цените на повеќето основни метали бележат месечен пад на цената и тоа: на алуминиумот за 10,2%, на цинкот за 1,4%, на бакарот за 1,0% и на оловото за 0,6%. Месечен раст на цените регистрираа: калајот за 3,8% и никелот за 2,9%. Цената на железната руда регистрираше силен пад од 21,7%.

**Графикон 1.13:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Во однос на благородните метали, златото во август 2020 година достигна историски највисока цена на светските берзи, по што следеше надолен тренд на истата сѐ до крајот на годината. Во 2021 година, цената на златото забележува наизменично движење и од јуни бележи стапки на пад, за да во октомври се врати на патеката на раст и истата продолжи во ноември при што цената за зголеми за 2,5%. Трендот на месечно зголемување на цената го следеа и другите благородни метали, па така цената на среброто се зголеми за 3,3% и а на платината регистрираше раст од 2,1%.

Цената на пченката на светските берзи во ноември 2021 година се зголеми за3,8% на месечна основа.

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите единаесет месеци од 2021 година изнесува 15.021,7 милиони евра и бележи раст од 24,8% во однос на истиот период минатата година.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - ноември 2021 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер, е намалено за 0,8 п.п. споредено со истиот период претходната година, и изнесува 59,3%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите единаесет месеци од 2021 година изнесува 25,6% и е намалено за 0,7 п.п. во однос на истиот период од 2020 година.

**Графикон 2.2**: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

### Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - ноември 2021 година, изнесува 6.329,9 милиони евра и бележи раст од 21,0% (1.097,3 милиони евра) во однос на истиот период од 2020 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 10,0%.

Вредноста на извезените стоки во ноември 2021 година изнесува 614,3 милиони евра и бележи раст од 6,2% (35,7 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е зголемен за 10,4% споредено со ноември 2020 година.

Анализирано на месечно ниво, во ноември 2021 година извозот бележи раст од 4,3% (25,5 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско

[1] Започнувајќи од ноември 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 5,1%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (0,8 п.п.) врз извозот овој месец.

Главни групи производи (според СМТК[2]) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - ноември 2021 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 46,6% од вкупниот извоз на државата.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Анализирано според економските групации[3] на земјите, во периодот јануари - ноември 2021 година споредено со истиот период од 2020 година, извозот бележи раст во групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацификчкиот Регион и Заедница на независни држави, додека пад има само кај групацијата Организација на земјите-извознички на нафта и нафтени деривати. Извозот во ЕУ 27 бележи раст од 20,7% на годишно ниво, а во земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 29,2%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 77,4% и 11,7%, соодветно.

**Графикон 2.4:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

[2] Стандардна Меѓународна Трговска Класификација

[3] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацификчкиот регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - ноември 2021 година изнесува 8.691,8 милиони евра и бележи раст од 27,8% (1.889,6 милиони евра) во однос на истиот период од 2020 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 9,6%.

Вредноста на увозот во ноември 2021 година изнесува 876,3 милиони евра, што претставува раст од 26,1% (181,1 милион евра) во однос на истиот месец од 2020 година, а увезените количини стоки се зголемени за 4,7%.

**Графикон 2.5:**Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Анализирано на месечно ниво, во ноември 2021 година увозот бележи раст од 4,7% (39,1 милион евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 8,4%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (3,7 п.п.) врз увозот овој месец.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | | Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I-XI-2020 | I-XI-2021 | Салдо | Стапки во% | | I-XI-2020 | I-XI-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 64,0 | 74,8 | 10,8 | 16,9 | .000 Т | 28,5 | 33,1 | 4,7 | 16,4 |
| Мил. ЕУР | 1.035,6 | 1.407,5 | 371,9 | 35,9 | Мил. ЕУР | 162,4 | 174,2 | 11,9 | 7,3 |
| Мил.$ | 1.186,7 | 1.674,7 | 488,0 | 41,1 | Мил.$ | 184,6 | 207,6 | 23,0 | 12,5 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | | Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I-XI-2020 | I-XI-2021 | Салдо | Стапки во% | | I-XI-2020 | I-XI-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 672,4 | 691,0 | 18,6 | 2,8 | .000 Т | 721,4 | 662,6 | -58,8 | -8,2 |
| Мил. ЕУР | 509,9 | 720,0 | 210,0 | 41,2 | Мил. ЕУР | 331,3 | 495,1 | 163,8 | 49,5 |
| Мил.$ | 579,5 | 853,0 | 273,5 | 47,2 | Мил.$ | 376,0 | 586,7 | 210,7 | 56,0 |

*)Претходни податоци

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | | Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I-XI-2020 | I-XI-2021 | Салдо | Стапки во% | | I-XI-2020 | I-XI-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 62,9 | 79,2 | 16,3 | 25,8 | .000 Т | 58,4 | 69,2 | 10,7 | 18,3 |
| Мил. ЕУР | 777,4 | 921,6 | 144,2 | 18,6 | Мил. ЕУР | 617,0 | 763,0 | 146,0 | 23,7 |
| Мил.$ | 889,0 | 1.094,3 | 205,2 | 23,1 | Мил.$ | 704,4 | 905,7 | 201,2 | 28,6 |

*)Претходни податоци



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - ноември 2021 година, трговскиот дефицит се зголеми за 50,5% односно 792,3 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во ноември 2021 година, трговскиот дефицит се зголеми за 124,9% односно 145,5 милиони евра споредено со ноември 2020 година.

**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со горива и мазива, индустриски набавки, стоки за широка потрошувачка, храна и пијалаци и стоки за инвестиции без транспортна опрема како и на намалувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Во периодот јануари - ноември 2021 година, 78,5% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија и Грција, а потоа следуваат: Кина, Турција, Србија, Полска, Италија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Унгарија, Шпанија и Хрватска.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 90,5% од трговската размена во периодот јануари - ноември 2021 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2020 година претставува зголемување за 1,3 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 93,2% и 88,5%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е зголемена за 1,1 п.п., додека кај увозот е зголемена за 1,6 п.п. во однос на периодот јануари - ноември 2020 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - XI - 2020 | | | | | I - XI - 2021 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 4.150,8 | 5.910.977.816 | 61,6723 | 364.543.597.141 | 86,9 | 4.810,2 | 7.695.289.656 | 61,6235 | 474.210.682.110 | 88,5 | 1.784.311.840 | 30,2 |
| УСД | 2.131,1 | 935.558.842 | 54,4494 | 50.940.617.629 | 12,1 | 2.073,5 | 1.091.910.579 | 51,8818 | 56.650.286.280 | 10,6 | 156.351.737 | 16,7 |
| ГБП | 3,2 | 18.195.566 | 69,5372 | 1.265.268.741 | 0,3 | 1,5 | 15.912.847 | 71,5934 | 1.139.254.848 | 0,2 | -2.282.719 | -12,5 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 6.285,0 | | | 416.749.483.512 | 99,0 | 6.885,2 | | | 532.000.223.238 | 99,3 | | |
| вк извоз: | 6.299,4 | | | 419.503.254.800 | 100,0 | 6.902,9 | | | 535.648.202.838 | 100,0 | | 27,7 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - ноември 2021 година изнесуваа 197.428 милиони денари, односно 27,4% од БДП, што претставува повисоко остварување за 16,1% во однос на истиот период од 2020 година. Ова е десетти последователен месец во кој е забележан годишен раст на приходите, којшто во ноември изнесува 23,0%. Растот е резултат и на пониските приходи во истиот период претходната година, кога се почувствуваа значителни негативни ефекти од пандемијата врз буџетските приходи.

Даночните приходи се реализирани во износ од 112.699 милиони денари и се повисоки за 18,9% во однос на јануари – ноември 2020 година, најмногу како резултат на високиот раст на приходите од ДДВ.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Приходите од Данокот на додадена вредност стандардно имаат доминантно учество од 47,1% во вкупните даночни приходи, со остварен износ од 53.065 милиони денари, што претставува зголемување од високи 25,2% во однос на истиот период претходната година. Притоа, ДДВ во овие единаесет месеци годинава е наплатен во бруто-износ од 80.543 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 27.478 милиони денари (бруто-наплатата е повисока за 23,3%, додека поврат по основ на ДДВ е повисок за 19,8% споредено со јануари – ноември 2020 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз којшто забележува повисоко остварување за 30,4%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 8,6%.

Акцизите се остварени во износ од 23.635 милиони денари (учество од 21,0% во даночните приходи), што претставува зголемување од 15,9% во споредба со истиот период од 2020 година. Така, само од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 76.700 милиони денари, што претставува 68,1% од вкупните даночни приходи во периодот јануари – ноември 2021 година.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 17.682 милиона денари и бележат раст од 10,9% на годишна основа, при што 66,9% од приходите се од плата и други лични примања, 8,1% од приходи од капитал, 7,6% од приходи по

основ на договор на дело, 7,1% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 10,3% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во овој период изнесуваа 10.055 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 5,1% во однос на истиот период претходната година, како резултат на исклучително позитивните остварувања кај даночните биланси, коишто се зголемени за над 70%, додека данокот по месечни аконтации се намали за 5,7%.

Приходите од царина се остварени во износ од 7.669 милиони денари и забележаа зголемување од 26,4%. Приходите од други даноци со остварен износ од 593 милиони денари забележаа зголемено остварување за 30,0% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси се остварени во износ од 63.308 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 5,9% споредено со истиот период претходната година. Притоа, наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 5,9%, кај придонесите за здравствено осигурување е повисока за 6,0%, а кај придонесите за вработување за 5,7%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 12.760 милиони денари и во однос на анализираниот период од 2020 година забележаа повисоко остварување за 23,1% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 1.771 милион денари, што е зголемување од 9,0% во однос на периодот јануари – ноември минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 5.669 милиони денари и се повеќе од двојно повисоки во однос на истиот период лани.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – ноември 2021 година изнесуваа 227.454 милиони денари, односно 31,5% од БДП, што е за 8,2% повеќе во однос на истиот период лани.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 209.864 милиони денари учествуваа со 92,3% и се зголемени за 5,3% во однос на истиот период од 2020 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 28.274 милиони денари што претставува зголемување за 3,8% во однос на периодот јануари – ноември претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 12,4%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 16.454 милиони денари и споредено со истиот период од 2020 година забележаа зголемување од 24,4%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваа 156.424 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа повисока реализација за 3,5% споредено со истиот период од 2020 година и истите учествуваа со 68,8% во вкупните расходи.

**Графикон 3.2:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Во рамки на трансферите, раст од 3,6% се забележува кај социјалните трансфери, кои изнесуваа 110.791 милион денари, со што учествуваат во вкупните расходи со 48,7%. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 65.892 милиона денари, што е зголемување за 3,9% споредено со истиот период од 2020 година и учествуваат со 29,0% во вкупните расходи. Во категоријата други трансфери е регистриран раст од 8,1%, при што субвенциите и трансферите изнесуваат 23.960 милиони денари и се зголемени за 16,1%, откако нивното остварување значително забрза во ноември. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 17.470 милиони денари забележаа зголемување од 0,1% во споредба со периодот јануари - ноември претходната година.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 17.590 милиони денари, со структурно учество од 7,7% во вкупните расходи, при што забележаа значително повисока реализација (раст од 62,8%) во споредба со периодот јануари - ноември 2020 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува над 85% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари-ноември 2021 година реализираше 48.712 милиони денари или 88,4% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (67,9%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до буџетските фондови, за што се потрошени 33.061 милион денари или 90,1% од средствата наменети за 2021 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 22,2% во вкупните расходи и за оваа намена реализирани се 89,1% (10.830 милиони денари) од планираните за 2021 година.

Во периодот јануари - октомври 2021 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[4] реализирани се 59.639 милиони денари што претставува 90,5% од предвидените за 2021 година. Отплата на главнина (41.652 милиона денари) е убедливо најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 69,8%, при што се реализирани 96,5% од планираните. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 14,6% од вкупните расходи, за што се реализирани 8.707 милиони денари, или 96,1% од вкупниот буџет за оваа намена. За капитални расходи се издвоени 5.684 милиони денари (64,0% од планираното), односно 9,5% од вкупните расходи на овој буџетски корисник.

**Графикон 3.3:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари - ноември 2021 година)*




Извор: МФ.

Министерството за образование и наука во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 22.998 милиони денари, што е 84,1% од вкупниот буџет за 2021 година. Најголем дел од расходите (64,7%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 14.869 милиони денари или 91,5% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 16,6%, за што се потрошени 3.806 милиони денари, односно 87,1% од вкупно предвидените.

Во анализираниот период, од страна на Министерството за внатрешни работи вкупно се реализирани 10.488 милиони денари, што претставува 88,2% од сопствениот буџет за 2021 година. Најзначајна расходна ставка претставува плати и надоместоци со учество од 70,2%, за што се потрошени 7.362 милиона денари или 90,9% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 17,9%, за што се реализирани 1.882 милиона денари или 80,9% од годишниот план.

Во периодот јануари - ноември 2021 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 8.236 милион денари што претставува 85,7% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 84,9% во вкупните расходи, реализирани се 86,3% од планираните средства за цела година, односно 6.993 милиони денари.

Министерството за одбрана во периодот јануари - ноември 2021 година реализираше буџетски средства во износ од 8.749 милиони денари, што е 82,5% од

[4] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

вкупниот буџет за оваа година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество во расходите со 43,4%, за што во овој период се реализирани 3.801 милион денари (91,4% од вкупно предвидените средства за тековната година). Стоките и услугите учествуваат со 22,9% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 2.003 милиони денари, односно 78,5% од вкупно предвидените.

Владата на Република Северна Македонија во периодот јануари - ноември 2021 година реализираше вкупно 9.909 милиони денари, односно 72,6% од планираните средства за 2021 година. Притоа, субвенциите и трансферите учествуваат со високи 87,2% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 8.640 милиони денари (81,1% од предвидените средства).

Министерството за здравство, во периодот јануари - ноември 2021 година изврши буџетски средства во износ од 7.078 милиони денари, што е 81,2% од вкупниот буџет за 2021 година. Стоките и услугите имаат најголемо учество во расходите со 51,6%, за што во овој период се потрошени 3.651 милион денари или 80,2% од средствата наменети за 2021 година. Втора најзначајна ставка е Тековни трансфери до вонбуџетските фондови со реализација од 2.980 милиони денари (89,2% од планираното за годината) и учество од 42,1% во вкупните расходи.

Министерството за транспорт и врски во овој период реализираше средства во износ од 2.218 милиони денари, што е 56,3% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи, како главна ставка, изнесува 70,1% од вкупните реализирани средства на овој буџетски корисник (1.554 милиони денари).

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

### Буџетско салдо

Во периодот јануари – ноември 2021 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 30.026 милиони денари, што претставува 4,2% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 30.948 милиони денари и претставува 4,3% од БДП. Буџетскиот дефицит во периодот јануари - ноември изнесува 64,9% од вкупно планираниот буџетски дефицит за цела 2021 година.

## *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

### Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во периодот јануари – ноември 2021 година, во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 180.192 новозасновани работни односи. Во однос на истиот период од 2020 година, вкупниот број нововработени лица е зголемен за 14,7%.

Високиот раст. меѓу другото. е резултат и на базниот ефект, откако во истиот период минатата година темпото на вработување беше забавено поради негативните ефекти од пандемијата.

Од вкупниот број нововработени, 41,6% се вработени на неопределено време, а останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во ноември 2021 година 16,4% се од евиденцијата на невработени.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.
Забелешка: Во март 2021 година е извршено прочистување на списоците на невработени лица.

Вкупниот број невработени лица во ноември 2021 година изнесува 188.062, од кои 133.412 се активни баратели на работа, а 54.650 се останати невработени лица. Споредено со ноември 2020 година, вкупниот број невработени лица е намален за високи 22,6%. На месечна основа, бројот на невработени е намален за 1.378 лица, со што ова е деветти месец по ред во кој е регистриран пад на бројот на невработени, откако во 2020 година овој број генерално беше во пораст.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

Најголем дел од активните невработени лица (61,8%) се градско население, а според половата структура 49,0% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 66,6%, се со непотполно средно образование или помалку, 24,9% се со завршено средно образование, додека 8,5% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 49,9% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 67,7% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 5,8% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во октомври 2021 година оствари годишен раст од 4,5%, а во однос на септември 2021 година истата е повисока за 1,0%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на октомври 2020 година се забележува во следните сектори: Други услужни дејности (11,7%), Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (10,1%) и Информации и комуникации (10,1%). Реалните плати во октомври 2021 година забележаа годишен раст од 0,4%.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во октомври 2021 година на годишна основа бележи раст од 4,6%, а во однос на претходниот месец истата е повисока за 1,0%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во октомври 2021 година во однос на октомври 2020 година се забележува во следните сектори: Други услужни дејности (11,9%), Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (10,4%) и Информации и комуникации (10,3%). Реалната бруто-плата во октомври забележа годишен раст од 0,5%.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

## Пензии

Во ноември 2021 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 325.773 пензионери. Од вкупниот број пензионери, 67,7% се корисници на старосна пензија, 23,0% се корисници на семејна пензија и 9,2% се корисници на инвалидска пензија.

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ.
Забелешка: Во податоците за август 2020 година не се вклучени корисниците кои својата пензија ја примале преку Еуростандард банка.

Просечната пензија во ноември 2021 година изнесува 15.826 денари и е за 2,6% повисока споредено со истиот месец

2020 година[5]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во октомври 2021 година (последни расположливи податоци) изнесува 54,4%.

Просечната старосна пензија во ноември 2021 година изнесува 17.111 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 14.265 денари, а просечната семејна пензија 12.672 денари. За исплата на пензиите во ноември 2021 година се потрошени 5.070 милиони денари, што претставува 48,8% од вкупните социјални трансфери.

# *5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР*

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити (ноември 2021 година)




Извор: НБРСМ.

Во ноември 2021 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на нивото од 1,25%, откако во првиот квартал ја намали основната каматна стапка за 0,25 п.п. од 1,5% на 1,25%, како резултат на олабавувањето на монетарната политика. Народната банка ја намали каматната стапка на благајничките записи во три наврати претходната година со цел поддршка на економската активност во услови на пандемија. Намалувањето на основната каматна стапка до нивото од 1,25% се очекува да придонесе за намалување на цената на финансирање преку кредити од банките и натамошна кредитна поддршка на приватниот сектор, заради ублажување на ефектите од пандемијата врз домашната економија, којашто сѐ уште трае.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

## Примарни пари

Во ноември 2021 година, примарните пари[6] се намалија за 5,5% на годишно ниво. Намалувањето на примарните пари се должи на падот на вкупните ликвидни средства за 15,6%, додека готовите пари во оптек се зголемија за 6,1%.

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

[6] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (воденари).

На месечно ниво, примарните пари се зголемија за 5,4%, што е резултат на зголемувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 15,0%, а од друга страна готовите пари во оптек се намалија за 2,0%.

## Депозитен потенцијал [7]

Вкупните депозити на банките во ноември 2021 година се зголемија за 1,1% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија и домаќинствата се зголемија за 3,6% и 0,3%, соодветно.

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

Од аспект на валутата, во ноември 2021 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна валута се зголемија за 0,4%, а депозитите во странска валута регистрираа зголемување од 1,9%.

Вкупниот депозитен потенцијал во ноември 2021 година оствари раст од 8,1% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 3,5% и 14,9%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата бележат раст од 17,2% и 7,1%, соодветно.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 9,7%, а долгорочните депозити се намалија за 4,4%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 57,0%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (ноември 2021 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | *456.329* | *1,1%* | *8,1%* |

[7] НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничкатамисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *260.008* | *0,4%* | *3,5%* |
| *Странска валута* | *196.321* | *1,9%* | *14,9%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *195.512* | *0,6%* | *9,7%* |
| *Долгорочни* | *98.570* | *-0,5%* | *-4,4%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | ***380.475*** | ***0,8%*** | ***7,7%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *225.441* | *1,2%* | *8,9%* |
| *Странска валута* | *155.035* | *0,3%* | *6,0%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *60.045* | *1,6%* | *9,5%,* |
| *Долгорочни* | *303.958* | *0,6%* | *7,8%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *12.836* | *2,0%* | *7,0%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во ноември 2021 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,8% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека кредитите кон претпријатијата  и кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 0,9% и 0,6%, соодветно. Од аспект на валутата, во ноември 2021 година, на месечно ниво денарските кредити се зголемија за 1,2%, а девизните кредити за 0,3%.

На годишна основа, во ноември 2021 година вкупните кредити се зголемија за 7,7%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 7,7% и на кредитите кон претпријатијата од 7,4%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 8,9%, а кредитите во странска валута за 6,0%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 7,8%, а краткорочните кредити од 9,5%.

## Каматни стапки на депозитни банки

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Во ноември 2021 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,03 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 4,42%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,04 п.п. и изнесува 4,72%, додека каматната стапка на девизните

кредити се намали за 0,02 п.п. и изнесува 4,05%.

Вкупната каматна стапка на депозитите во ноември 2021 година изнесува 0,76% и е намалена за 0,01 п.п. во однос на минатиот месец. Каматните стапки на денарските и девизните депозити останаа непроменети на месечно ниво и изнесуваат 1,09% и 0,47%, соодветно.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во ноември 2021 година вкупниот промет на берзата регистрираше раст од 32,1% на месечно ниво како резултат на зголемувањето на прометот од блок трансакциите за 119,7%, додека прометот од класичното тргување се намали за 22,1%.

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во ноември 2021 година изнесуваше 1.228,8 милиони денари и истиот е зголемен за 292,3% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на ноември 2021 година изнесуваше 5.886,98 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е намален за 1,9%, а во однос на истиот месец претходната година регистрираше раст од 31,5%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на ноември 2021 година изнесуваа 3.517,40 милиони евра и во однос на претходниот месец се намалија за 2,2%, а во однос на ноември 2020 година регистрираа раст од 6,0%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0